АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

КАТАСТАР

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИСТАРОТ НА ЦЕНИ И ЗАКУПНИНИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.07.2019 - 30.09.2019 ГОДИНА



Скопје, октомври 2019

# СОДРЖИНА

1. ПРЕДГОВОР .........................................................................................................3
2. ОБЕМ НАТРАНСАКЦИИ ..........................................................................................4
3. ПАЗАР НА ХИПОТЕКИ ..........................................................................................7
4. СТАНОВИ ЗА ПРОДАЖБА……….......................................................................8
5. СТАТИСТИКА ОД ПРОДАЖБИ.............................................................................9
   - ПРОСЕЧНА ЦЕНА НА СТАНОВИ....................................................................13
6. СТАТИСТИКА ОД ЗАКУПИ ..................................................................................13
   - ПРОСЕЧЕНА ЦЕНА НА ЗАКУП НА СТАНОВИ...........................................17

# ПРЕДГОВОР

Агенцијата за катастар на недвижности го воспостави Регистарот на цени и закупнини на 18 март 2015 година, со што им се овозможи на граѓаните на Република Северна Македонија пристап до сите информации поврзани со трансакциите на недвижниот имот. Преку ГИС-порталот на Агенцијата за катастар на недвижности (http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/), граѓаните имаат можност да ги добијат сите информации за одредена трансакција, односно нејзината микролокација, катастарската општина на чија територија е извршена трансакцијата односно макролокацијата, типот на трансакцијата (продажба, закуп итн.), цената, валутата во која е изразена цената во правниот основ, површината на недвижноста и датумот кога е реализирана трансакцијата. Покрај податоците кои се достапни на нашиот ГИС-портал, Агенцијата за катастар на недвижности за професионалните корисници го нуди целосниот сет на податоци од Регистарот на цени и закупнини преку веб-апликација достапна преку е-кат шалтерот на Агенцијата.




Агенцијата за катастар на недвижности согласно со Законот за катастар на недвижности продолжува со полнење на базата на Регистарот на цени и закупнини воедно работи на воспоставување систем за масовна проценка. Агенцијата за катастар на недвижности започна со теренско собирање на податоци за недвижностите во 4 пилот-општини, кои подоцна ќе послужат за воспоставување на систем за масовна проценка на територијата на овие општини. Собирањето на податоци треба да биде завршено кон крајот на годината, додека првите пилот зони треба да бидат изготвени во четвртиот квартал од 2019 година. Агенцијата за катастар на недвижности ќе изработи софтвер за статистичка анализа чија главна цел во прва фаза е да овозможи поквалитетна анализа на податоците кои се наоѓаат во Регистарот, а во подоцнежна

фаза да биде и една од клучните алатки за воспоставување на системот за масовна проценка на недвижностите. Секторот за масовна проценка изминатиот период работеше на обработка на податоците од Регистарот на цени и закупнини и нивно подобрување на територијата на цела Република Северна Македонија кои податоци понатаму ќе се користат во системот за масовна проценка.

# ОБЕМ НА ТРАНСАКЦИИ

За периодот 1 јули 2019 година – 30 октомври 2019 година во Регистарот на цени и закупнини се регистрирани вкупно 5.527 трансакции. Споредбено со вториот квартал од 2019 година, во овој квартал има регистрирано 611 трансакции повеќе, што укажува на раст на пазарот на недвижности во однос на обемот на тргување.




*(График бр. 1 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Во овој период во Регистарот на цени и закупнини се впишани 3.245 купопродажби на недвижности, 674 продажби од инвеститор и 98 откупи од Република Македонија, во овој квартал се регистрирани и 5 продажби на недвижности по пат на лицитација, односно вкупен број од 4.022 продажби што претставува раст за 552 продажби во однос на вториот квартал од 2019 година. Што се однесува до закупите, регистрирани се 1.505 закупи на целата територија на Република Северна Македонија што претставува раст во однос на закупите од претходниот квартал за 59 трансакции. Може да се забележи дека 59% од трансакциите со недвижностите се однесуваат на

купопродажби, додека 27% од трансакциите се однесуваат на закупи на недвижен имот и заедно сочинуваат 86% од вкупниот пазар со недвижности (видно од График бр.1).

Споредбено по месеци од овој квартал, може да се забележи дека најголем број трансакции има во јули кога во Регистарот на цени и закупнини се регистрирани 2.351 трансакции. Најмалку трансакции се регистрирани во септември и тоа 1.370, додека во август се регистрирани 1.806 трансакции (видно од График бр.2).




*(График бр.2 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Доколку се разгледа обемот на трансакции по месеци и по тип на трансакција, може да се заклучи дека најголем број купопродажби се регистрирани во јули, односно 1.384 купопродажби, а најмногу регистрирано закупи имаме исто така во јули т.е. 639 закупи. Најголем број продажби од инвеститор, односно продажба на новоградби се регистрирани во јули, односно 293 продажби. (видно од График бр.3).




*(График бр.3 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Доколку се разгледа бројот на трансакции по административни општини, ќе се забележи дека најголем број трансакции се случиле на територијата на општина Карпош, односно 444 трансакции, во општина Центар се регистрирани 437, додека во општина Аеродром се регистрирани 398 трансакција и општина Кисела Вода 263 трансакции. Најмал број на трансакции се регистрирани на територијата на општините Росоман и Арачиново со по 6 трансакции, општина Зрновци со по 5 трансакции, во општините Конче, Зелениково и Лозово се регистрирани по 4 трансакции, во општина Новаци 3 трансакции, додека во општина Вевчани  регистрирано е 1 трансакција. На територијата на 52 општини во Република Северна Македонија се регистрирани трансакции во обем од 0 до 39, што претставува мал број трансакции за дадениот временски период. Тоа покажува дека има големо раздвојување на пазарот, односно општини каде што има развиен пазар и општини каде што пазарот на недвижности воопшто не функционира (видно од Табела бр.1).

| ИМЕ НА ОПШТИНА | БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | ИМЕ НА ОПШТИНА | БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ |
|---|---|---|---|
| КАРПОШ | 444 | ЈЕГУНОВЦЕ | 27 |
| ЦЕНТАР | 437 | ВАСИЛЕВО | 26 |
| АЕРОДРОМ | 398 | ПЕТРОВЕЦ | 26 |
| КИСЕЛА ВОДА | 263 | ИЛИНДЕН | 24 |
| БИТОЛА | 244 | КАРБИНЦИ | 24 |
| ОХРИД | 232 | БРВЕНИЦА | 23 |
| КУМАНОВО | 219 | МАВРОВО И РОСТУШЕ | 22 |
| ТЕТОВО | 214 | КРИВА ПАЛАНКА | 21 |
| СТРУГА | 195 | ВРАПЧИШТЕ | 21 |
| ГАЗИ БАБА | 187 | ПРОБИШТИП | 20 |
| ЧАИР | 166 | ДОЈРАН | 19 |
| КИЧЕВО | 164 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 19 |
| ПРИЛЕП | 137 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 18 |
| КОЧАНИ | 137 | ЖЕЛИНО | 16 |
| СТРУМИЦА | 127 | БОГДАНЦИ | 16 |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 124 | ДЕМИР ХИСАР | 16 |
| ГОСТИВАР | 117 | ДЕМИР КАПИЈА | 16 |
| ШТИП | 114 | ЛИПКОВО | 14 |
| КАВАДАРЦИ | 106 | ПЕХЧЕВО | 14 |
| ВЕЛЕС | 106 | ЧАШКА | 13 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 100 | НОВО СЕЛО | 13 |
| БУТЕЛ | 83 | РАНКОВЦЕ | 12 |
| РАДОВИШ | 57 | ШУТО ОРИЗАРИ | 12 |
| РЕСЕН | 48 | ДЕБАРЦА | 11 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 44 | КРИВОГАШТАНИ | 10 |
| ВИНИЦА | 44 | МОГИЛА | 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЧЕШИНОВО ОБЛЕШЕВО | 41 | КРАТОВО | 9 |
| ДЕБАР | 41 | КРУШЕВО | 9 |
| БОСИЛОВО | 39 | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 8 |
| ДОЛНЕНИ | 39 | ГРАДСКО | 7 |
| НЕГОТИНО | 39 | ПЛАСНИЦА | 7 |
| БЕРОВО | 36 | ЦЕНТАР ЖУПА | 7 |
| ТЕАРЦЕ | 36 | РОСОМАН | 6 |
| САРАЈ | 36 | АРАЧИНОВО | 6 |
| ЧУЧЕР САНДЕВО | 30 | ЗРНОВЦИ | 5 |
| ВАЛАНДОВО | 29 | КОНЧЕ | 4 |
| ДЕЛЧЕВО | 29 | ЗЕЛЕНИКОВО | 4 |
| СОПИШТЕ | 28 | ЛОЗОВО | 4 |
| СТУДЕНИЧАНИ | 28 | НОВАЦИ | 3 |
| БОГОВИЊЕ | 27 | ВЕВЧАНИ | 1 |

*(Табела бр.1 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Во овој период преку продажби се истргувани недвижности со површина од вкупно 4.218.325 метри квадратни и вкупна достигната цена од 8.700.968.127 денари. Под закуп, пак, се дадени недвижности со површина од 1.436.137 метри квадратни со вкупна месечна закупнина од 37.075.672 денари.

# ПАЗАР НА ХИПОТЕКИ НА СТАНОВИ

| Град | Вкупно запишани станови | Број на станови под хипотека | Процент на станови под хипотека |
|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 317,084 | 64,301 | 20.28% |
| НЕГОТИНО | 12,906 | 2,460 | 19.06% |
| ГЕВГЕЛИЈА | 23,690 | 3,893 | 16.43% |
| КАВАДАРЦИ | 25,490 | 3,601 | 14.13% |
| БИТОЛА | 63,656 | 8,107 | 12.74% |
| ШТИП | 32,987 | 4,112 | 12.47% |
| СТРУМИЦА | 45,556 | 5,350 | 11.74% |
| КОЧАНИ | 28,680 | 3,326 | 11.60% |
| ВЕЛЕС | 33,208 | 3,317 | 9.99% |
| ОХРИД | 55,824 | 5,166 | 9.25% |
| ТЕТОВО | 63,018 | 5,548 | 8.80% |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 12,015 | 1,025 | 8.53% |
| ПРИЛЕП | 49,455 | 4,133 | 8.36% |
| РАДОВИШ | 17,637 | 1,360 | 7.71% |
| РЕСЕН | 9,949 | 750 | 7.54% |
| СТРУГА | 35,248 | 2,567 | 7.28% |
| КУМАНОВО | 66,180 | 4,692 | 7.09% |
| ВАЛАНДОВО | 6,260 | 429 | 6.85% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГОСТИВАР | 52,041 | 3,141 | 6.04% |
| ПРОБИШТИП | 8,925 | 469 | 5.25% |
| ВИНИЦА | 10,929 | 563 | 5.15% |
| КРУШЕВО | 6,480 | 312 | 4.81% |
| ДЕЛЧЕВО | 15,732 | 715 | 4.54% |
| КИЧЕВО | 32,972 | 1,423 | 4.32% |
| ДЕБАР | 10,983 | 452 | 4.12% |
| БЕРОВО | 13,274 | 546 | 4.11% |
| ДЕМИРХИСАР | 3,505 | 143 | 4.08% |
| КРИВА ПАЛАНКА | 15,514 | 396 | 2.55% |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 7,094 | 120 | 1.69% |
| КРАТОВО | 8,242 | 110 | 1.33% |
| **Вкупно** | **1,084,534** | **132,527** | **12.22%** |

*(Табела бр.2 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

# СТАНОВИ ЗА ПРОДАЖБА

Во периодот јули - септември 2019 година, на целата територија на Република Северна Македонија се продадени 674 новоизградени станови што е за 195 станови повеќе од вториот квартал во 2019 година. Согласно со статистиката на Агенцијата за катастар на недвижности заклучно со септември, на целата територија на државата има 6.368 станови кои се изградени, а сè уште не се продадени и се нудат на пазарот на недвижности. За разлика од минатиот квартал, во овој квартал има зголемување на непродадените станови за 615 станови. Исто така, во Агенцијата за катастар на недвижности се издадени 11.950 листови за предбележување на градба што укажува дека овие објекти се во фаза на градба и наскоро ќе се најдат на пазарот на недвижности. Може да се констатира дека бројот на новоградби моментално ја задоволува побарувачката на нови станови (видно од Табела бр.3).

| ПРОДАДЕНИ НОВОГРАДБИ | НЕПРОДАДЕНИ СТАНОВИ - НОВОГРАДБИ | ОБЈЕКТИ КАДЕ ШТО ГРАДБАТА Е ВО ТЕК |
|---|---|---|
| **674** | **6,368** | **11,950** |

*(Табела бр.3 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

# СТАТИСТИКА ОД ПРОДАЖБИ

На територијата на Република Северна Македонија се регистрирани вкупно 4.022 продажби во третиот квартал од 2019 година**,** од кои 3.245 се продажби на стари недвижности, додека 674 се продажби на новоградби, односно прва продажба на недвижноста, 98 откупи од РМ и 5 продажби на недвижности извршени по пат на лицитација.

Доколку се направи споредба на продажбата на новоградбите во овој квартал со третиот квартал од 2018 година, каде што се регистрирани 792 продажби на недвижности од страна на инвеститор, односно продажби на нови станови, тогаш се забележува пад во третиот квартал 2019, за 118 продадени новоизградени станови. Исто така, ако се направи споредба со истиот период минатата година каде што се регистрирани 3,896 купопродажби на недвижности, може да се заклучи дека е забележано намалување на бројот на купопродажбите за 651 трансакција во третиот квартал од 2019 година во однос на третиот квартал од 2018 година.

Доколку се разгледа продажбата на недвижностите по типови на продажба, може да се забележи дека најголемиот број продажби припаѓаат на продажба на станови, односно 41%. Компарирано со вториот квартал од 2019 година, во третиот квартал од 2019 година имаме зголемување  на продажба на станови за 7%. Што се однесува до земјоделското земјиште, во вториот квартал од 2019 година тие опфаќаат 35% од вкупниот број продажби, додека во овој период има регистрирано намален процент на учество на земјоделското земјиште во пазарот на недвижности за 7%, односно опфаќаат 28%. Градежното земјиште во овој квартал учествува на пазарот на недвижности со 14%. На пазарот со недвижности уште учествуваат куќите со 10%, деловните простори со 4% и останатите недвижности со 3% од пазарот на недвижности. Сепак, најголем дел од пазарот заземаат  земјоделското земјиште и становите кои заедно сочинуваат 69% од пазарот за продажба на недвижности (видно од График бр.4).




*(График бр.4 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Доколку се разгледаат продажбите по временски распоред, односно по месеци, може да се заклучи дека најголема активност на пазарот е забележана во јули, односно 1.712 продажби, додека најмала активност на пазарот на продажби е регистрирана во септември и тоа 976 продажби. Во месец август се регистрирани 1.334 продажби на недвижности. (видно од График бр.5).




*(График бр. 5 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Во овој период се продадени недвижности со површина 4.218.325 метри квадратни и вкупна достигната цена од 8.700.968.127 денари. Доколку се разгледаат по тип на недвижност, може да се заклучи дека по површина најмногу е истргувано земјоделско земјиште, додека најголема вкупна цена достигнале становите. (видно од Табела бр.4).

| НЕДВИЖНОСТ | ИСТРГУВАНИ МЕТРИ КВАДРАТНИ | ВКУПНА ЦЕНА ВО ДЕНАРИ |
|---|---|---|
| Станови | 116,906 | 4,954,259,598 |
| Куќи | 192,045 | 1,061,877,331 |
| Деловни простори | 104,155 | 1,230,046,919 |
| Индустриски објекти | 16,888 | 90,505,504 |
| Земјоделско земјиште | 3,174,899 | 593,411,592 |
| Градежно земјиште | 596,103 | 714,192,216 |
| Останато | 17,329 | 56,674,968 |
| **ВКУПНО** | **4,218,325** | **8,700,968,127** |

*(Табела бр.4 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Од подолу прикажаната табела може да се забележи дека најголем број продадени станови има во општина Карпош, односно во овој период се продадени 239 станови, додека пак најголем број продадени куќи има на територијата на општина Битола, односно во овој период се продадени 30 куќи. Што се однесува до продажбата на деловниот простор, најмногу продажби се забележани на територијата на општина

Центар каде што се продадени 23 деловни простори. Најмногу недвижности од типот на земјоделското земјиште се продадени во општините Струга и Кочани со по 48 продажби, додека најмногу продадено градежно земјиште е регистрирано во општина Кичево со 27 продажби. Во овој квартал се регистрирани и продажби на 12 индустриски објекти и тоа во поголем број на општини. (видно од Табела бр.5).

| | СКОК/ПАД ВО ОДНОС НА ПРЕТХОДНИОТ КВАРТАЛ | ОПШТИНА | СТАНОВИ | КУЌИ | ДП | ИО | ЗЗ | ГЗ | ***ВКУПНО*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ↗3 | Карпош | 239 | 23 | 21 | 2 | 10 | 11 | **306** |
| 2 | ↙1 | Аеродром | 213 | 8 | 12 | 1 | 8 | 7 | **249** |
| 3 | ↗2 | Охрид | 123 | 15 | 7 | | 23 | 21 | **189** |
| 4 | ↙2 | Центар | 142 | 14 | 23 | | | 9 | **188** |
| 5 | ↗2 | Кисела Вода | 123 | 12 | 9 | | 11 | 22 | **177** |
| 6 | = | Струга | 57 | 24 | 13 | | 48 | 25 | **167** |
| 7 | ↙4 | Битола | 81 | 30 | 3 | | 26 | 21 | **161** |
| 8 | = | Куманово | 83 | 15 | 3 | 1 | 35 | 24 | **161** |
| 9 | ↗1 | Тетово | 62 | 10 | 9 | | 44 | 24 | **149** |
| 10 | ↗7 | Чаир | 102 | 15 | 4 | | | 6 | **127** |
| 11 | ↗11 | Кичево | 27 | 24 | 2 | | 42 | 27 | **122** |
| 12 | ↗3 | Гази Баба | 58 | 12 | 3 | | 21 | 22 | **116** |
| 13 | = | Кочани | 33 | 9 | | | 48 | 18 | **108** |
| 14 | ↗2 | Ѓорче Петров | 50 | 9 | | | 20 | 19 | **98** |
| 15 | ↙3 | Струмица | 38 | 8 | 6 | 2 | 31 | 10 | **95** |
| 16 | ↙7 | Прилеп | 21 | 14 | 4 | 3 | 20 | 23 | **85** |
| 17 | ↙6 | Кавадарци | 18 | 10 | 4 | 1 | 25 | 21 | **79** |
| 18 | ↙4 | Велес | 23 | 23 | 3 | | 10 | 13 | **72** |
| 19 | ↗6 | Гостивар | 18 | 1 | 7 | | 30 | 12 | **68** |
| 20 | ↙1 | Штип | 32 | 11 | 2 | | 5 | 16 | **66** |
| 21 | ↗2 | Гевгелија | 21 | 4 | 3 | | 23 | 15 | **66** |
| 22 | ↙2 | Бутел | 19 | 10 | 4 | | 18 | 10 | **61** |
| 23 | ↙5 | Радовиш | 5 | 5 | 1 | | 23 | 12 | **46** |
| 24 | ↗8 | Свети Николе | 6 | 1 | 1 | | 20 | 13 | **41** |
| 25 | ↗17 | Ресен | 3 | 6 | 1 | | 17 | 13 | **40** |
| 26 | ↗3 | Виница | 1 | 5 | | | 24 | 7 | **37** |
| 27 | ↙6 | Чешиново Облешево | | 1 | | | 34 | | **35** |
| 28 | ↙4 | Босилово | | | | | 34 | 1 | **35** |
| 29 | ↗29 | Дебар | 9 | 11 | 3 | | 5 | 5 | **33** |
| 30 | ↗1 | Берово | 1 | 7 | 1 | | 18 | 5 | **32** |
| 31 | ↗3 | Теарце | | | | | 27 | 5 | **32** |
| 32 | ↗6 | Сарај | 8 | 3 | 1 | | 18 | 2 | **32** |
| 33 | ↙6 | Чучер Сандево | | 2 | | | 24 | 2 | **28** |
| 34 | ↗10 | Студеничани | | 1 | | | 25 | 2 | **28** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | ↙7 | Сопиште | 7 | 6 | | | 12 | 2 | **27** |
| 36 | ↗4 | Неготино | 7 | 3 | | | 11 | 6 | **27** |
| 37 | ↙11 | Долнени | | | | | 20 | 6 | **26** |
| 38 | ↙1 | Боговиње | | 1 | 1 | | 21 | 2 | **25** |
| 39 | ↗11 | Делчево | 4 | | | | 10 | 10 | **24** |
| 40 | ↗5 | Петровец | | 1 | | 1 | 13 | 7 | **22** |
| 41 | ↙12 | Василево | | 2 | | | 16 | 4 | **22** |
| 42 | ↗9 | Карбинци | | 2 | 1 | | 18 | 1 | **22** |
| 43 | ↙8 | Валандово | | 3 | 1 | 1 | 14 | 2 | **21** |
| 44 | ↙1 | Маврово и Ростуше | | | | | 13 | 8 | **21** |
| 45 | ↗3 | Брвеница | | 1 | | | 18 | 1 | **20** |
| 46 | ↗6 | Врапчиште | | | | | 14 | 6 | **20** |
| 47 | ↗15 | Јегуновце | | 1 | | | 18 | | **19** |
| 48 | ↙15 | Старо Нагоричане | | 2 | | | 15 | 1 | **18** |
| 49 | ↙2 | Желино | | | | | 14 | 2 | **16** |
| 50 | ↗13 | Македонски Брод | 2 | 3 | 1 | | 4 | 5 | **15** |
| 51 | ↙21 | Илинден | 2 | 1 | 1 | | 9 | 1 | **14** |
| 52 | ↙16 | Липково | | | | | 11 | 2 | **13** |
| 53 | ↙12 | Пробиштип | 3 | 4 | 1 | | 3 | 2 | **13** |
| 54 | ↙1 | Крива Паланка | 1 | 3 | | | 7 | 1 | **12** |
| 55 | ↗13 | Пехчево | | 4 | | | 7 | 1 | **12** |
| 56 | ↙19 | Чашка | | 5 | | | 5 | 1 | **11** |
| 57 | ↙6 | Богданци | | 2 | 1 | | 3 | 5 | **11** |
| 58 | ↗15 | Демир Капија | | | | | 9 | 2 | **11** |
| 59 | ↙5 | Дебарца | | | | | 8 | 2 | **10** |
| 60 | ↙5 | Дојран | | 3 | | | 3 | 4 | **10** |
| 61 | = | Ранковце | | 3 | 3 | | 3 | 1 | **10** |
| 62 | ↙4 | Демир Хисар | 1 | 2 | | | 2 | 4 | **9** |
| 63 | ↗12 | Шуто Оризари | 3 | 3 | | | 3 | | **9** |
| 64 | ↙7 | Ново Село | | 2 | | | 4 | 2 | **8** |
| 65 | = | Кратово | | 1 | 1 | | 4 | 2 | **8** |
| 66 | ↙10 | Кривогаштани | | | | | 7 | | **7** |
| 67 | ↙3 | Могила | | | | | 7 | | **7** |
| 68 | ↗10 | Центар Жупа | | | | | 6 | 1 | **7** |
| 69 | ↗1 | Крушево | | 4 | | | 2 | | **6** |
| 70 | ↗1 | Градско | | | 1 | | 5 | | **6** |
| 71 | ↗1 | Росоман | | | | | 3 | 3 | **6** |
| 72 | ↙3 | Арачиново | | 1 | | | 3 | 1 | **5** |
| 73 | ↗7 | Пласница | | | | | 4 | 1 | **5** |
| 74 | ↙8 | Зрновци | | | | | 2 | 2 | **4** |
| 75 | ↙8 | Зелениково | | 2 | | | | 2 | **4** |
| 76 | ↙2 | Македонска Каменица | | 1 | | | 1 | 2 | **4** |
| 77 | ↙1 | Лозово | | | | | 4 | | **4** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 78 | ↙18 | Конче | | | | | 3 | | **3** |
| 79 | ↙2 | Новаци | | 1 | | | | 2 | **3** |
| 80 | ↙1 | Вевчани | | | | | | | **0** |

ДП – деловни простории, ИО – индустриски објекти, ЗЗ – земјоделско земјиште, ГЗ – градежно земјиште

*Табела бр.5 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

# ПОСТИГНАТИ ПРОСЕЧНИ ЦЕНИ НА СТАНОВИ

| **ИМЕ НА ОПШТИНА** | **Просечна цена по м2 станбен простор во денари** | **ИМЕ НА ОПШТИНА** | **Просечна цена по м2 станбен простор во денари** |
|---|---|---|---|
| Карпош | 60,398 | Битола | 33,897 |
| Центар | 59,855 | Струга | 32,214 |
| Аеродром | 50,739 | Струмица | 31,502 |
| Кисела Вода | 48,515 | Кочани | 30,080 |
| Охрид | 46,571 | Куманово | 28,730 |
| Гази Баба | 45,001 | Штип | 26,780 |
| Ѓорче Петров | 41,202 | | |

*(Табела бр.6 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

# СТАТИСТИКА ОД ЗАКУПИ

Во Република Северна Македонија во третиот квартал од 2019 год. во Регистарот на цени и закупнини се запишани 1.505 закупи. Најголем број од овие закупи припаѓаат на деловни простори и тоа 39%, односно 585 трансакции, станови со 33%, односно 499 трансакции, куќи со 13% од пазарот на закупи на недвижностите, односно 193 трансакции на ваков тип недвижност. Земјоделското земјиште учествуваат на пазарот со 9% закупи, градежното земјиште со 4% закупи, а додека индустријата и останатите недвижности со по 1% од вкупниот пазар на закупи на недвижности.




*(График бр. 6 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Од графиконот може да се заклучи дека поголемиот дел, односно 85% од закупите припаѓаат на становите, деловните простории и земјоделското земјиште. Доколку се направи компарација на овој квартал со вториот квартал од 2019 година каде што биле регистрирани 1.446 закуп, ќе се забележи дека во овој квартал имаме зголемување на бројот на закупи за 59 трансакции.

Доколку се разгледаат закупите по временска рамка, може да се заклучи дека најголем број закупи се регистрирани во јули, односно 639, додека најмал број закупи се регистрирани во септември 394, додека во август се регистрирани 472 закупи (видно од График бр.7).




*(График бр. 7 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

Во овој период се закупени недвижности со површина од 1.436.137 метри квадратни со вкупна месечна закупнина од 37.075.672 денари. Од табелата може да се забележи дека најмногу е закупено земјоделско земјиште, додека најголема цена на месечна закупнина имаат достигнато деловните простори. (видно од Табела бр.7).

| **НЕДВИЖНОСТ** | **ИСТРГУВАНИ МЕТРИ КВАДРАТНИ** | **ВКУПНА ЦЕНА ВО ДЕНАРИ** |
|---|---|---|
| Станови | 32,397 | 7,149,261 |
| Куќи | 17,218 | 2,651,358 |
| Деловни простори | 76,243 | 19,775,042 |
| Индустриски објекти | 36,436 | 3,360,675 |
| Земјоделско земјиште | 1,028,614 | 395,362 |
| Градежно земјиште | 86,066 | 3,501,055 |
| Останато | 159,163 | 242,921 |
| **ВУПНО** | **1,436,137** | **37,075,672** |

*(Табела бр.7 – Извор: Регистар на цени и закупнини)*

| | СКОК/ПАД ВО ОДНОС НА ПРЕТХОДНИОТ КВАРТАЛ | ОПШТИНА | СТАНОВИ | КУЌИ | ДП | ИО | ЗЗ | ГЗ | ***ВКУПНО*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | = | Центар | 141 | 16 | 80 | | | | **237** |
| 2 | ↗1 | Карпош | 62 | 17 | 40 | 2 | 1 | | **122** |
| 3 | ↗1 | Аеродром | 69 | 4 | 34 | 1 | 1 | 1 | **110** |
| 4 | ↗1 | Битола | 16 | 13 | 33 | | 17 | 2 | **81** |
| 5 | ↗2 | Кисела Вода | 40 | 6 | 27 | 1 | 2 | 2 | **78** |
| 6 | ↗12 | Гази Баба | 13 | 11 | 15 | 1 | | 30 | **70** |
| 7 | ↙1 | Тетово | 10 | 3 | 48 | | | | **61** |
| 8 | = | Куманово | 12 | 4 | 27 | | 5 | 2 | **50** |
| 9 | = | Прилеп | 9 | 14 | 14 | 1 | 12 | | **50** |
| 10 | ↗6 | Гостивар | 13 | 4 | 27 | | | 4 | **48** |
| 11 | ↙9 | Штип | 9 | 6 | 28 | 2 | 1 | | **46** |
| 12 | ↗5 | Кичево | 6 | 17 | 11 | | 6 | 1 | **41** |
| 13 | ↗2 | Гевгелија | 12 | 7 | 15 | 1 | 5 | 1 | **41** |
| 14 | = | Велес | 6 | 9 | 18 | | 3 | 1 | **37** |
| 15 | ↙5 | Чаир | 11 | 1 | 22 | | | 1 | **35** |
| 16 | ↙5 | Охрид | 12 | 2 | 17 | | 1 | 1 | **33** |
| 17 | ↙5 | Струмица | 8 | 9 | 11 | | 4 | | **32** |
| 18 | ↗3 | Кочани | 5 | 4 | 19 | | | | **28** |
| 19 | ↙6 | Струга | 5 | 1 | 16 | 1 | 3 | 1 | **27** |
| 20 | = | Кавадарци | 14 | 1 | 11 | | | 1 | **27** |
| 21 | ↗1 | Ѓорче Петров | 8 | 5 | 9 | 1 | | | **23** |
| 22 | ↗9 | Бутел | 1 | 3 | 11 | 4 | 1 | 2 | **22** |
| 23 | ↗6 | Долнени | | | 1 | | 11 | 1 | **13** |
| 24 | ↗2 | Неготино | 1 | 2 | 6 | | 2 | 2 | **13** |
| 25 | = | Радовиш | 2 | | 3 | | 6 | | **11** |
| 26 | ↗6 | Илинден | 1 | 5 | 2 | | 2 | | **10** |
| 27 | ↙4 | Крива Паланка | 2 | 2 | 3 | | 1 | 1 | **9** |
| 28 | ↗28 | Ресен | | | 4 | | 4 | | **8** |
| 29 | ↙1 | Делчево | 4 | | 1 | 1 | | 2 | **8** |
| 30 | ↗37 | Јегуновце | | 3 | | 1 | 4 | | **8** |
| 31 | ↗3 | Валандово | 1 | 3 | 2 | | 1 | | **7** |
| 32 | ↙2 | Пробиштип | | | 3 | | 3 | 1 | **7** |
| 33 | ↗9 | Демир Хисар | | | 1 | | 6 | | **7** |
| 34 | ↗13 | Дебар | 1 | 3 | 2 | | 1 | | **7** |
| 35 | ↗29 | Виница | 1 | 1 | 3 | | | 1 | **6** |
| 36 | ↙12 | Босилово | | 2 | | | 2 | | **4** |
| 37 | = | Теарце | | | | | | 4 | **4** |
| 38 | ↗7 | Сарај | | | 3 | 1 | | | **4** |
| 39 | ↗4 | Петровец | | 1 | 1 | | | 2 | **4** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | ↙5 | Василево | | | | | 4 | | **4** |
| 41 | ↙3 | Дојран | | 1 | 1 | | 1 | 1 | **4** |
| 42 | ↗23 | Демир Капија | | 3 | | | 1 | | **4** |
| 43 | ↙24 | Берово | | 1 | 2 | | | | **3** |
| 44 | ↙17 | Свети Николе | 1 | | 1 | 1 | | | **3** |
| 45 | ↗37 | Брвеница | | | | | 2 | 1 | **3** |
| 46 | ↙13 | Кривогаштани | | | 2 | | 1 | | **3** |
| 47 | ↗4 | Ново Село | | 1 | | | 2 | | **3** |
| 48 | ↗31 | Македонски Брод | 2 | | | | 1 | | **3** |
| 49 | = | Крушево | | | | | 3 | | **3** |
| 50 | ↗11 | Шуто Оризари | | 3 | | | | | **3** |
| 51 | ↗22 | Чешиново Облешево | | | 1 | | 1 | | **2** |
| 52 | ↗8 | Чучер Сандево | 1 | | 1 | | | | **2** |
| 53 | ↙13 | Чашка | | 1 | | | 1 | | **2** |
| 54 | ↙8 | Боговиње | | | 2 | | | | **2** |
| 55 | ↗23 | Карбинци | | | 1 | | 1 | | **2** |
| 56 | ↙15 | Богданци | | 1 | | | 1 | | **2** |
| 57 | ↙21 | Могила | | | 1 | | 1 | | **2** |
| 58 | ↗13 | Пехчево | | | | | 2 | | **2** |
| 59 | ↙1 | Сопиште | | 1 | | | | | **1** |
| 60 | ↙10 | Липково | | | 1 | | | | **1** |
| 61 | ↗8 | Маврово и Ростуше | | | | | 1 | | **1** |
| 62 | ↗2 | Врапчиште | | | 1 | | | | **1** |
| 63 | ↗13 | Дебарца | | | | | 1 | | **1** |
| 64 | ↙10 | Конче | | | 1 | | | | **1** |
| 65 | ↙23 | Ранковце | | | | | 1 | | **1** |
| 66 | ↙11 | Кратово | | | 1 | | | | **1** |
| 67 | ↗10 | Зрновци | | | | 1 | | | **1** |
| 68 | ↗6 | Арачиново | | 1 | | | | | **1** |
| 69 | ↙16 | Градско | | | 1 | | | | **1** |
| 70 | ↗5 | Вевчани | | | | | | 1 | **1** |
| 71 | ↗1 | Пласница | | 1 | | | | | **1** |
| 72 | ↙13 | Старо Нагоричане | | | | | | | **0** |
| 73 | ↙21 | Студеничани | | | | | | | **0** |
| 74 | ↙26 | Желино | | | | | | | **0** |
| 75 | ↙27 | Зелениково | | | | | | | **0** |
| 76 | ↙10 | Росоман | | | | | | | **0** |
| 77 | ↙7 | Македонска Каменица | | | | | | | **0** |
| 78 | ↙10 | Лозово | | | | | | | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 79 | 40 | Новаци | | | | | | | **0** |
| 80 | = | Центар Жупа | | | | | | | **0** |

ДП – деловни простории, ИО – индустриски објекти, ЗЗ – земјоделско земјиште, ГЗ – градежно земјиште

*(Табела бр.8 – Извор: Регистар на цени и закупнини*

Од погоре прикажаната табела може да се заклучи дека во изминатиот тримесечен период во општините Старо Нагоричане, Студеничани, Желино, Зелениково, Росоман, Македонска Каменица, Лозово, Новаци и Центар Жупа нема регистрирано ниеден договор за закуп на недвижности. Исто така има 13 општини каде што има регистрирано само по 1 закуп, како и 8 општини со по 2 закупи. Најголем број закупи се регистрирани во општина Центар 237, во општина Карпош 122, општина Аеродром 110 и општина Битола 81 регистрирани закупи (видно од Табела бр.8).,

# ПОСТИГНАТИ ПРОСЕЧНИ ЗАКУПИ НА СТАНОВИ

| **ИМЕ НА ОПШТИНА** | **Просечна цена по м2 станбен простор во денари** | **ИМЕ НА ОПШТИНА** | **Просечна цена по м2 станбен простор во денари** |
|---|---|---|---|
| Карпош | 294 | Куманово | 131 |
| Центар | 273 | Ѓорче Петров | 126 |
| Струга | 258 | Кочани | 98 |
| Кисела Вода | 212 | Охрид | 96 |
| Гази Баба | 177 | Штип | 77 |
| Аеродром | 166 | Струмица | 60 |
| Битола | 151 | | |